

**ИДНИНАТА КАКО ПРЕДИЗВИК - ШТО ДА СЕ НАПРАВИ ЗА САМОСТОЕН УМЕТНИК? ОВА Е ДИЛЕМАТА ШТО СЕ ЈАВУВА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ КОИ КАКО ГРУПНА ИЗЛОЖБА**





**ЈАНА МИШЕВА, ГРАФИЧАРКА**

## ПРИСУТНИ, А НЕ АНОНИМНИ

Иднината како уметник во Македонија ја гледам во отворањето врати за понатамошни изложби, без разлика дали се концептуални или изложени графики, а понатаму, можеби, и изложби во странство... Сметам дека самите уметници треба да се потрудат да наметнат своја идеја за општеството во коешто живеат и постојано да бидат присутни, а не анонимни. Не можам да кажам кој ми е најомилен правец затоа што сè остава впечаток и влијание на еден уметник, сè е еден збир, така што сè што поминало во историјата на уметноста го сметам за важно.



**ХРИСТИНА ЗАФИРОВСКА, СЛИКАРКА**

## ИЗЛЕЗ ПРЕКУ ДЕЛАТА

Во иднина размислувам за една поголема творба, која стреми кон слика-објект. Сакам моите дела да имаат "излези", впрочем, тоа може лесно да се воочи и од моето последно дело на изложбата на апсолвентите при Факултетот за ликовни уметности. За понатаму се надевам дека нашите идеи (како уметници) ќе можеме да ги оствариме и дека конечно ќе имаме поддршка од околината, од Министерството за култура и од сите уметници околу нас.

2 (44)

ДА СЕ УСПЕЕ ВО МАКЕДОНИЈА КАКО МЛАД, КАЈ НОВАТА ГЕНЕРАЦИЈА УМЕТНИЦИ ОД АПСОЛВЕНТИ ЈА НАПРАВИЈА СВОЈАТА ПРВА







ЕЛЕНА ПЕТКОВСКА, СЛИКАРКА

## БАРАЈЌИ ГО ПАТОТ

Како млад уметник мислам дека нема некои големи услови да се промовираш во уметноста на македонската ликовна сцена, односно дека е тешко да се успее.

Она што наскоро ќе го подготвувам е мојата прва самостојна изложба во септември. Активно работам како и секој млад уметник кој си го бара патот, бидејќи навистина е предизвик за еден почетник да направи самостојна изложба од гореспоменатите причини. Очекувам со таквите изложби да дознаеме до каде сме, што правиме и каде одиме. Ме интересира модерната уметност. Правец кој во моментот ме инспирира и интересира е поп-артот. Исто така, ме привлекува и видео-артот и филмот. Имам мало искуство со филм од 3 минути. Графичкиот дизајн е интересен правец, а и конзервацијата на црковни фрески и икони. Во сè можеш да најдеш инспирација, а Македонија е богата со култура.



Дита Старова, сликарка

## СИЛА ЗА КУЛТУРНИ ПРОМЕНИ

Како што тече времето со новите случувања, до младите уметници во Македонија доаѓаат текови и идеи претежно од Запад. Мислам дека нашето поднебје, образование и култура се доволно силни и ни даваат некоја особеност што сметам дека би можела да донесе некоја обнова во уметноста. Се надевам дека во наредните години ќе се видам себеси како успешен и задоволен уметник, ценет од средината, повикуван на изложби, со моќ за промени во културните движења.

ИВАНА СТОЈАНОВСКА, ГРАФИЧАРКА

## БЕЗ СВЕТЛА ИДНИНА

Според мене, уметноста кај нас е на незавидно ниво. Од сè она што досега сум забележала како студент на ФЛУ, а и воопшто восприемајќи го "уметничкиот амбиент" во Македонија, можам да кажам дека за уметниците нема многу светла иднина кај нас. Токму затоа се надевам дека штом ќе дипломирам, ќе се остварат моите планови за излез од земјата. Она во што би сакала да успеам (и се надевам на тоа) се постдипломски студии во Италија, каде што мислам дека имам поголеми шанси за успех.

Подготвиле: Мери БАКАЛОВА и Сања ВАСИЛЕВА